# CIVIL SOCIETY STRENGTHENING PROJECT

In partnership with the Center for Institutional Development; European Center for Not-for-Profit Law; and Macedonian Institute for Media.

# Барање за доставување апликации

## Учество на граѓаните во борбата против корупцијата во Р. Македонија

## Грантови за лидерски НВОи


Институт за трајни заедници
Митрополит Теодосија Гологанов 124/1
1000 Скопје
Р. Македонија
Тел: + 389 2 3245 817
Факс: + 389 2 3245 818
Е-маил: isc@isc.org.mk



Проектот е финансиран од Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој преку Договор за соработка #165-A-00-05-00101 со Институт за трајни заедници.

## ВОВЕД

Проектот за зајакнување на граѓанското општество имплементиран од Институт за трајни заедници (ИТЗ), финансиран од Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД) објавува конкурс за доделување грантови за искусни НВОи ширум Р. Македонија со наслов ” Учество на граѓаните во борбата против корупцијата во Р. Македонија”

Целта на Проектот е да помогне граѓанскиот сектор да стане поефективен, повлијателен и постојан партнер на владата и на деловниот сектор во обликувањето на сегашноста и иднината на земјата. За да го постигне ова, секторот како целина, треба да се разбере од страна на владата, приватниот сектор и на самите граѓани дека игра значајна улога во социјалната, економската и политичката транзиција на земјата. Ова значи дека невладините организации мора да покажат значајни резултати, ефективно да ја информираат јавноста за тие резултати и дека граѓаните треба да гледаат на невладините организации како на корисен механизам за решавање на прашања кои за нив се од најголемо значење.

Целта на конкурсот ” Учество на граѓаните во борбата против корупцијата во Р. Македонија” е да го поддржи граѓанското општество и да го зголеми учеството на јавноста во процесот на идентификација, превенција и борба против корупцијата. Конкурсот се стреми да ја зајакне антикорупциската култура во Р. Македонија која што се заснива на транспарентни и фер практики во сите сектори на општеството. Конкурсот ќе идентификува и поддржи НВОи кои што можат да бидат антикорупциски лидери во нивната сфера и оние кои би имале улога на ментори и би пружале поддршка на другите НВОи. Проектот овозможува обука, техничка помош, можности за вмрежување и грантови на лидерските НВОи со цел да ја подржи нивната ефективност како и на НВО секторот воопшто.

Конкурсот е насочен кон оние организации кои имаат докажана посветеност кон одредено прашање или сектор (на пр. развој на мали бизниси, здравствена заштита, родови прашања, правни реформи, развој на младите, образование и др.); како и оние кои имаат доказ за успесите во остварувањето на нивната мисија, и потенцијал за постигнување на резултати со додавање на антикорупциски активности и транспарентност кон нивните активности.

Не повеќе од три грантисти избрани преку овој конкурс ќе и се приклучат на постоечката група на лидерски НВОи и ќе имаат право на учество во програмата за институционален развој со цел да се надополнат нивните проекти. НВО грантистите ќе бидат поканети да учествуваат на одбрани обуки и конференции финансирани од Проектот, ќе имаат право на индивидуално советување од експерти и ќе станат членови на мрежата на иновативни НВОи во Македонија.

Предложените проекти може да се разликуваат по видот и областа што ја покриваат, но сепак за да ги исполнуваат критериумите за пријавување, апликациите треба да се заснивaат на зголемена транспарентност и фер практики поврзани со мисијата и активностите на апликантот. Се охрабруваат да аплицираат организации во името на тематски коалиции или формални мрежи кои е можно да третираат едно прашање од повеќе перспективи (истражување, мониторинг, промена на легислатива и на политики, граѓанско надгледување, застапување, образование и др.) Ќе се разгледуваат апликации од сите географски региони на Р. Македонија. Може да аплицираат само организации кои моментално не се корисници на лидерски НВО грант во рамките на Проектот за зајакнување на граѓанското општество.

### Грантови за Учество на граѓаните во борбата против корупцијата во Р. Македонија

Успешните апликации на НВОи ќе претставуваат амбициозни и иновативни проекти дизајнирани да постигнат максимални влијанија. Таму каде што е можно, проектите би требало да поттикнуваат развој на партнерства со повеќе засегнати страни како што се владата, деловните субјекти и медиумите. Апликантите треба да покажат како ќе го поддржуваат развојот на други НВОи или граѓанскиот сектор воопшто, дали преку прашањата кои ги третираат или преку обука, доделување на грантови, менторирање или споделување на информации и вмрежување.

Ќе бидат доделени не повеќе од три едногодишни грантови на македонски НВОи кои работат во различни сектори. НВОите не треба да покажат дека имаат директно искуство со антикорупциски

активности за да се квалификуваат за овој конкурс. Успешните апликанти треба да имаат доказ за ефективноста и вистинското влијание во нивната област на експертиза и мора да претставaт добро обработен проект кој што опфаќа една или повеќе од областите кои се наведени подолу. Сите видови на НВОи може да аплицираат, од оние кои пружаат услуги или лобираат во корист на граѓаните до истражувачки институции (think tanks) кои развиваат предлози и мислења за легислативата, и професионални организации кои настојуваат да го организираат своето членство во насока на постигнување на цели на политиките.

Успешните апликации ќе вклучуваат иновативни методи на јавно информирање и стратешка соработка со медиумите. Апликантите треба да ги имаат во предвид родовата и етничката застапеност во текот на развојот на нивните проекти.

Проектот очекува апликации кои ќе ги адресираат двете страни на корупцијата - „побарувачката" како и „понудата", односно политиките и институциите кои треба да ја регулираат и спречат корупцијата како и ставовите на граѓаните и нивното однесување кое и дозволува на корупцијата да цути. Проектот за зајакнување на граѓанско општество планира да поддржи антикорупциски проекти преку едногодишни грантови со максимален износ од 25 000 американски долари, кои ќе бидат доделени за поддржка на следното:

*Тематски области*

Области кои се од интерес за Проектот во овој конкурс но кои не се ограничени само на:

- Пристап до информации;
- Парламентарни процедури;
- Образовен систем;
- Здравствен систем;
- Други социјални услуги;
- Локални општински практики како буџетирањето, доделување на дозволи, набавки или пружање на услуги;
- Владеење на правото, правни и судски реформи;
- Државната комисија за спречување на корупција;
- Канцеларијата на народниот правобранител;
- Трошење на структурните фондови од ЕУ

*Активности*

Списокот кој следи е илустрација на видовите активности кои можат да се вклучат во антикорупциските проекти кои би биле подржани од Проектот.

- Напори за застапување кои се стремат кон постигнување на подобрени политики, процедури или системи на постоечки институции во било кој сектор со цел да ги подобрат ефикасноста, усогласеноста, еднаквиот пристап и транспарентноста на тие институции.
- Промовирање на подобрено антикорупциското правно опкружување во Р. Македонија, вклучувајќи граѓански инцијативи за легислатива на општинско и национално ниво кои ги подобруваат јавното управување и квалитетот на животот на македонските граѓани.
- Охрабрување на развојот на поврзувањата и партнерствата со и меѓу НВОите, владини службеници, деловни субјекти и медиумите преку легислативата и преку други активности.
- Кампањи за подигање на свеста кои ја разоткриваат корупцијата и кои се залагаат за реалистични решенија.
- Спроведување на истражувања и едуцирање на граѓаните, како и на деловните субјекти, медиумите и НВОи за цената на коруптивните практики и за последиците од давање на мито, користењето на личните врски и други форми на учество во корупција.
- Мониторинг на владата на било кое/сите нивоа со цел да се промовира поголема ефикасност, транспарентност и отчетност.
- Мониторинг на придржувањето на владините институции со постоечките политики, процеси и процедури.
- Мониторинг на имплементацијата, примената и усогласеноста со и/или поддршката на имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Граѓанско надгледување за еднаков пристап, праведна дистрибуција, недискриминација и ефикасност во давањето на јавните услуги.

- Граѓанско надгледување на финансиските, буџетските и сметководствените практики на институциите од  локалната и  централната власт вклучувајќи ги и владините набавки.
- Граѓанско надгледување на работата и однесувањето на државните функционери и/или учество во процесот на оценување на нивната работа и однесување.
- Мониторинг или граѓанско надгледување на политиките, процедурите и практиките на владините институции за разгледување на граѓанските поплаки поврзани со однесувањето и етиката.
- Мониторинг на степенот на свест за антикорупциската легислатива и практиките помеѓу деловните субјекти, медиумите, политичките партии или другите сектори на општеството.
- Практични и применети истражувања и анализи со цел да се информираат или оценат напорите за промовирање на граѓанските интереси и поотчетно владеење низ генерирање на емпириски проучувања на корупцијата и пристапи кои се засноваат на докази со цел да се намали корупцијата.
- Градење или јакнење на професионални здруженија или мрежи кои се залагаат за забрзано усогласување со меѓународните антикорупциски, транспарентни и етички стандарди кои се однесуваат на владините институции и вработените.
- Развој, промоција, имплементација и/или воведување на етика и кодови на однесување за владини службеници во специфични сектори (полицијата, здравствените работници, лекарите, вработени во администрацијата на судовите, службеници, нотари и др.) како и деловни субјекти, медиуми и НВО секторот.
- Други активности што ги поддржуваат целите на конкурсот за доделување грантови како што е наведено погоре.

---

*Износот на секој индивидуален грант ќе зависи од предложениот проект од оранизацијата-апликант, како и од нејзиниот капацитет да раководи со средства. Сите проекти мора да завршат не подоцна од 12 месеци по подготвувањето на договорот за доделување грант.*

*Од лидерските НВОи кои добиле грант ќе биде побарано да одредат ресурси во својот проектен план и предлог за трошоци во согласност со Техничките упатства. Од лидерските НВОи се очекува ефективно да го одредат трошоците и да покажат посветеност на успехот на проектот преку партиципација со финансиски или други средства. Препорачаната партиципација е 20%.*

ПРАВО НА ПРИЈАВУВАЊЕ

НВОи кои ги исполнуваат барањата наведени подолу можат да се пријават за грантови за лидерски НВОи. **Имајте предвид дека доколку една организација не ги исполни критериумите за пријавување, апликацијата НЕМА ДА СЕ РАЗГЛЕДУВА.**

1. *Регистрација (регистрирана организација како правен субјект во Р. Македонија согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации)*
2. *Жиро сметка*
3. *Да не е корисник на лидерски НВО грант во рамките на Проектот за зајакнување на граѓанското општество*

ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРЕДЛОГОТ

Сите апликации ќе бидат оценети врз основа на конкурентност и во согласност со критериумите презентирани подолу. Овие критериуми беа развиени за да одговорат на определените цели на Проектот за зајакнување на граѓанското општество. Бројот на доделени поени ја покажува релативната важност на секој фактор. За да процесот на евалуација биде што пообјективен, секој апликант мора јасно да покаже како неговиот проект соодветствува на следните критериуми.

| Критериум | Максимум поени |
|---|---|
| 1. Предлог проект | 40 |
| 2. Предлог за трошоци | 20 |
| 3. Организациски капацитет и минато искуство | 40 |
| **Вкупно** | **100** |

1. Предлог проект (40 поени)

- Колку е проектот логичен, добро заснован, технички добро изработен, одразува разбирање на проблемите на кои веројатно ќе наиде, и директно соодветствува на целите идентификувани во ова Барање за апликации. Апликации од коалиции и мрежи кои што ќе демонстрираат дека можат поефективно да постигнат резултати во споредба со индивидуална НВО која би работела сама ќе бидат повисоко оценети(10 поени)
- Колку проектот покажува: а) јасно разбирање на прашањето кое се обработува, б) оригинален или иновативен пристап, в) конкретен збир на значајни и реални резултати кои треба да се постигнат, и г) логично објаснување за тоа како ќе се мери постигнувањето на резултатите. (15 поени)
- Колку предложениот проект ја опфаќа родовата и етничката застапеност (5 поени)
- Колку активностите на предложениот проект покажуваат долгорочно влијание и одржливост вклучувајќи ефективни трајни промени во рамките на други сектори. (10 поени)

2. Предлог за трошоци (20 поени)

- Колку предложените трошоци се реални и конзистентни со активностите на проектот. (10 поени)
- Ниво на посветеност кое е демонстрирано преку обезбедување сопствена партиципација со финансиски или други средства. Предложената партиципација ќе биде оценета врз основа на идентификуваната финансиска партиципација во рамки на можностите на апликантот и додадената вредност за проектот. (10 поени)

3. Организациски капацитет и минато искуство (40 поени)

- Колку организацијата апликант има покажано посветеност на својата мисија и способност да го реализира проектот според планот, вклучувајќи соодветни раководни и финансиски системи, и разновидност во лидерството и персоналот. (20 поени)

- Колку организацијата апликант покажува лидерска способност во рамките на нејзиниот сектор на експертиза и капацитет да обезбеди поддршка и услуги на други НВОи. (20 поени)

Во текот на разгледувањето на предлозите ИТЗ може да побара дополнителни информации од апликантот поврзани со предложениот проект или за организацијата воопшто. Барањето за дополнителни информации не мора да значи дека ИТЗ ќе го или нема да го прифати проектот, туку тоа едноставно значи дека е потребна информација со цел да се комплетира процесот на разгледување.

Покрај горенаведените критериуми, Проектот во текот на изборот на финалистите ќе го има во предвид балансот на географската покриеност и опфатената област.

## ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈА

**Апликациите за добивање грант треба да се достават до канцеларијата на ИТЗ до 17:00 часот, 12 февруари, 2007 година. Апликациите доставени по овој рок нема да бидат разгледувани.** Апликациите треба да се достават на македонски јазик, а воедно треба да биде доставена и кратка верзија на проектот на англиски јазик на две страни. Приложената апликациона форма треба целосно да се пополни, вклучувајќи го и предлог проектот кој не треба да надмине **10 печатени страници.**

Ако доставувате предлог во печатена форма предлозите треба да се пратат преку пошта или да се доставaт лично на долу наведената адреса. Мора да се достават **три копии**. Рачно напишаните предлози нема да се разгледуваат.

Ако доставувате предлог по електронски пат, тој треба да се прати по електронска пошта на подолу наведената адреса, со не повеќе од осум прилози (2 МБ ограничување) за еден e-mail и да бидат компатибилни со MS Word, Excel, Lotus 123 и/ или WordPerfect во поддршка на MS Windows. Повеќе e-mail пораки може да се пратат со цел да го соберат целиот предлог, но секој e-mail треба да содржи јасно обележани прилози и инструкции за спојување на деловите на предлогот. Само оние страници на кои е потребен оригинален рачен потпис треба да се испратат преку факс (праќање на целиот предлог преку факс не е дозволено). Предлозите, исто така, може да се пратат во Adobe Acrobat формат (*pdf), но зипувани/компресирани документи како прилози нема да се примаат.

Апликациите треба да се:

1. Доставени во бараниот формат со сите потребни прилози.
2. Проектот <u>нема да прифаќа</u> пријави испратени преку факс.
3. Проектот <u>нема да ги враќа</u> доставените пријави.

Апликантите ќе бидат информирани за статусот на нивната апликација при крајот на февруари 2007 година. Се предвидува грантовите да се доделат во март 2007 година.

Институт за трајни заедници
Митрополит Теодосија Гологанов 124/1
1000 Скопје
Р. Македонија
Тел: + 389 2 3245 817
Факс: + 389 2 3245 818
Е-маил: isc@isc.org.mk